РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Бр. 04-183/7

20.01 2023 год.

Врз основа на член 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија " број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 143/19 и 14/20) и член 23 став 4 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" број 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 110/19, 267/20, 151/21 и 288/21), генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија донесе

# ОДЛУКА
## за неизбор на кандидат за помошно-техничко лице по пат на јавен оглас

1. За работното место Работник за извршување на помошни работи, ниво А3, шифра на работно место УПР 04 05 А03 007, во Сектор за технички работи во Одделение за инвестиционо и тековно одржување и општи работи, по Јавен оглас за вработување број 1/2022, **НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР.**

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Комисијата за селекција на кандидати за вработување по Јавен оглас број 1/2022, формирана со Решение на генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија број 02-79/1 од 09.01.2023 година, во функција на спроведување на постапката за вработување на помошно-техничко лице за извршување на работните задачи за работното место од точка 1 на оваа Одлука, а по Јавниот оглас број 1/2022, објавен на ден 23.12.2022 година (петок) во дневните весници „Слободен печат", „Коха" и „Вечер" и на веб-страната на Собранието на Република Северна Македонија, спроведе постапка за селекција за вработување за горенаведеното работно место.

По спроведената постапка за селекција за вработување, Комисијата изготви Финална листа и Предлог кандидати за вработување по јавен оглас број 1/2022, во која за работното место од точка 1 на оваа Одлука нема кандидат кој се квалификува за вработување.

Врз основа на предложената Финална листа и Предлог кандидати за вработување број 04-183/4 од 17.01.2023 година, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Правна поука**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на објавувањето на оваа одлука на веб -страната и на огласната табла на Собранието на Република Северна Македонија.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР,**
Цветанка Иванова

Доставено до :
- Одделение за персонално управување со човечки ресурси
- Одделение за канцелариско и архивско работење - писарница

Изработил:
Одобрил:
Согласен: